Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**

  А1 - Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3.
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:**

  Р1101 - (Прилеп-врска со А1,А3 – Битола – Макази - Царев двор - врска со Р1307).
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за поставување на водови за пренос на електрична енергија – среднонапонски кабелски подземен вод, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија –**

среднонапонски кабелски подземен вод, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на поставување, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија – среднонапонски кабелски подземен вод, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарските општини Росоман и Сирково има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, **припаѓа на Средно - Вардарски туристички регион со утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува Транзитен туристички коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија – среднонапонски кабелски подземен вод, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.**
- **Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.**
- **Согласно Просторниот план на Република Македонија, локацијата со намена водови за пренос на електрична енергија – среднонапонски кабелски подземен вод, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.**

[2] МАНУ Скопје, 1996 г.

- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти**

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена водови за пренос на електрична енергија – среднонапонски кабелски подземен вод, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование

- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита

- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој

- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА КАБЕЛСКИ ПОДЗЕМЕН ВОД (NA2XS(F)2C 3x1x150 mm2) ЗА ПРИКЛУЧОК НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА НА ФЕЦ РОСОМАН С И ФЕЦ РОСОМАН И&C, КО РОСОМАН И КО СИРКОВО, ОПШТИНА РОСОМАН



ЛЕГЕНДА

- granici na katastarski parcelai od podatocite vo digitalna forma
- Sostojba od lice mesto na predvidenata trasa na podzemniot elektri~en kabel
- detalna to~ka
- 1 – broj na detalna to~ka
- 149.30 – apsolutni nadmorski visini-koti
- betonski elektri~en stolb-pojdoven

'G E O D I Z I J A' TRGOVSKO DRUŠTVO ZA GEODETSKI RABOTI 'K A V A D A R C I'			
OPŠTINA: Rosoman		K.O.Rosoman	
PLAN : A'urirana geodetska podloga			
PLANSKI OPFAT: za proektna dokumentacija za ifrastrukturen liniski objekt		Merilo: 1:1000	delov. 0805-92/2
RABOTEN TIM: GEODIZIJA DOOEL Kavadarci	M.P. geodet: geodin': Bogevski Van~o	Ovlasten Kavadarci 07.07.2023god.	Prilog 1/1

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ



НАРАЧАТЕЛИ: T&C СОЛАР КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје	ИЗРАБОТУВАЧ: ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ВЕЛЕС УРБАНПРОЕКТИНГ УЛИЦА „НИКОЛА ОРОВЧАНЕЦ" БРОЈ 1 - ВЕЛЕС	(М.П.)
ИМЕ НА ПОДРАЧЈЕТО И ОПШТИНАТА: КО РОСОМАН,КО СИРКОВО ОПШТИНА РОСОМАН	БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА: 0054	
ВИД НА ПЛАН/ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	ПЛАНЕРИ: БИЉАНА ТАСЕВА д.и.а. овластување бр. 0.0367	ПОТПИС:
ФАЗА: У / ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 28/23		
ДАТА: ЈУЛИ 2024 / РАЗМЕР: 1:1000		
ЦРТЕЖ / ПРИЛОГ: АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ: БИЉАНА ТАСЕВА	БРОЈ НА ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ: 2

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА КАБЕЛСКИ ПОДЗЕМЕН ВОД (NA2XS(F)2C 3x1x150 mm2) ЗА ПРИКЛУЧОК НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА НА ФЕЦ РОСОМАН С И ФЕЦ РОСОМАН И&C, КО РОСОМАН И КО СИРКОВО, ОПШТИНА РОСОМАН



"G E O V I Z I J A" TRGOVSKI DRUŠTVO ZA GEODETSKI RABOTI "K A V A D A R C I"			
OPŠTINA: Rosoman		K.O.Rosoman	
PLAN : A'urirana geodetska podloga			
PLANSKI OPFAT: za proektna dokumentacija za ifrastrukturen liniski objekt		Merilo: 1:1000	del.br. D805-92/2
RABOTEN TIM: GEODEZIJA DOOEL Kavadarci	M.P. geodet: geodin'. Bogevski Van-o	Dvlasten Kavadarci 07.07.2023god.	Prilog 1/1

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

НЗ НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

ИНФРАСТРУКТУРА

ЕЛЕКТРИКА - ПОСТОЈНА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА		
Неизградено земјипте	433 m2	100,0%
ВКУПНО	**433 m2**	**100,0%**



НАРАЧАТЕЛИ: T&C СОЛАР КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје	ИЗРАБОТУВАЧ: ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ВЕЛЕС УРБАНПРОЕКТИНГ УЛИЦА „НИКОЛА ОРОВЧАНЕЦ" БРОЈ 1 - ВЕЛЕС	(М.П.)
ИМЕ НА ПОДРАЧЈЕТО И ОПШТИНАТА: КО РОСОМАН,КО СИРКОВО ОПШТИНА РОСОМАН	БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА: 0054	
ВИД НА ПЛАН/ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	ПЛАНЕРИ: БИЉАНА ТАСЕВА д.и.а. овластување бр. 0.0367	ПОТПИС:
ФАЗА: У / ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 28/23		
ДАТА: ЈУЛИ 2024 / РАЗМЕР: 1:1000		
ЦРТЕЖ / ПРИЛОГ: КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ: БИЉАНА ТАСЕВА	БРОЈ НА ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ: 3

II. ПЛАНСКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Текстуален дел

1. Проектна програма

ОПШТИНА РОСОМАН

Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com

арх.бр. 12-1/2
дата: 10.05.2024 година

ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ

на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за
ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА КАБЕЛСКИ ПОДЗЕМЕН ВОД (NA2XS(F) 2C 3x1x150 mm2) ЗА ПРИКЛУЧОК НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА НА ФЕЦ РОСОМАН С И ФЕЦ РОСОМАН И&С, КО РОСОМАН И КО СИРКОВО, ОПШТИНА РОСОМАН

Се потврдува заверка на проектна програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на кабелски подземен вод (NA 2XS(F) 2C 3x1x1500mm2) за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФЕЦ Росоман С и ФЕЦ Росоман И&С, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман** изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг „УРБАН ПРОЕКТИНГ“ Дооел, Велес со технички број 28/23 од Февруари 2024 година.

Проектната програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на кабелски подземен вод (NA 2XS(F) 2C 3x1x1500mm2) за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФЕЦ Росоман С и ФЕЦ Росоман И&С, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман** е доставен преку информацискиот систем Е-урбанизам со број на постапка 59619 со барање арх.бр. 12-1/1 од 19.03.2024 година.

ОПШТИНА РОСОМАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Стојан Николов

Stojan Nikolov
Digitally signed by Stojan Nikolov
Date: 2024.05.13 09:17:41 +02'00'

2. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела, во која е утврврден простор определен со градежни линии

2.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Проектниот опфат ги опфаќа следните катастарски парцели дел од КП 4050/7, дел од КП 4051 и дел од КП 4180, КО Росоман и дел од КП 3637, КО Сирково, Општина Росоман, Општина Росоман низ кои поминува кабелскиот подземен вод, во ров со широчина до 1,0м. Кабелскиот вод ја поврзува трафостаницата во КП 4050/7, КО Росоман со електропреносната мрежа на ЕВН на постоечки столб од надземен 10(20)кв вод согласно Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа од Електродистрибуција ДООЕЛ – Скопје со Бр. УП1-10-376 од 30.05.2023 година.

Почетна точка за предметниот кабелски подземен електричен вод е од трафостаница на дел од КП 4050/7, КО Росоман, која е дел од претходно усвоен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 4050/7, КО Росоман , Општина Росоман со Потврда со бр. 12-443/30 од 12.01.2023 година за кој е издаден извод со бр. 12-62/2 од 26.01.2023 година и Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 4050/14, КП 4050/23 и КП 4050/6 КО Росоман , Општина Росоман со Потврда со бр. 12-400/13 од 16.02.2024 година за кој е издаден извод со бр. 12-266/2 од 19.04.2024 година.

За останатата траса надвор од одобрениот Урбанистички проект прибавени се услови за планирање на просторот со бр. Y59623 од Декември 2023 год. од Агенцијата за планирање на просторот за кои е издадено решение за услови за планирање на просторот издадено од МЖСПП – Сектор за просторно планирање со бр. УП1-15 2705/2023 од 02.01.2024год.

Проектниот опфат зафаќа површина од 0,04ха.

Согласно јачината на 10(20)Kv кабелски подземен вод, а согласно Законот за градење (Сл.весник на Р.Македонија бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр.244/19, 18/20 и 279/20) оваа инфраструктура претставува објект од втора категорија, за кои надлежна е Општина Росоман.

Со овој УП се формира проектен опфат со градежна линија за инфраструктура согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 32/20 и 111/23).

Нумерички показатели за проектниот опфат и објектите во проектниот опфат

Површина за градење 1.1

Намена: Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија - подземен кабелски 10(20)kV вод

Површина на проектен опфат: 433м²

Површина за градење: 433м²

Процент на изграденост: /

Коефициент на искористеност: /

Должина на вод: 216м'

Паркирање: За ваков тип на објекти не се предвидува паркинг места.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ИНФРАСТРУКТУРАТА

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS(F)2C 3x1x150 mm2) за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФЕЦ Росоман С и ФЕЦ Росоман И&С, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман

Површина на проектен опфат	број на површина за градба	комплементрани класи на намена	максимална висина на градба	катност	Површина на намена	површина за градба на инфраструктура	Должина на инфраструктура	процент на изграденост	коефициент на искористеност
433 m2	1.1	Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија - подземен кабелски 10(20)kV вод	-	-	433 m2	433 m2	216 m'	-	-
Вкупно:					**433 m2**	**433 m2**	**216 m'**	**-**	**-**

2.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Проектниот опфат минува низ две суводолици, односно рамни површини кои се со катастарска култура река или дол. Самиот проектен опфат не пресекува никаков некатегоризиран или катастарски пат.

Согласно целите и барањата на инвеститорот, а во согласност со просторниот план на Р.Македонија, како и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21,104/22 и 99/23), предвидени е следната поединечна класа на намена:

- Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија

За оваа класа на намена не се планираат и не се потребни паркинг места.

2.3 Партерно решение со хортикултура

Партерното решение на ниво на проектниот опфат останува самостојно да го решаваат сопствениците на градбите, но при тоа треба да се води сметка, со озеленувањето да се постигне поголем процент, како од естетски така и од заштитен аспект. Зеленилото во рамките на градежните парцели ќе има значајна функција во заштита на животната средина, но ќе има и забележителни пејсажни ефекти.

2.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

Водовод и канализација

За овој тип на градба не е потребен приклучок на водоводна и канализациона мрежа.

Електро - енергетика и ПТТ инсталации

За предметниот проектен опфат Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Мрежен Инженеринг, врз основа на член 170, став 2 од Законот за енергетика (Сл.Весник на РМ бр. 96/2018 и Службен весник на РСМ бр. 96/2019) постапувајќи по Барање за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа има донесено Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа со кои се дефинирани начинот и условите за приклучување на објектите на електродистрибутивната мрежа со бр.УП1-10-376 од 30.05.2023 година.

Телефонска мрежа

Согласно добиеното писмо од Телеком, на посочената предметна локација, нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи.

За овој тип на градба не е потребен телефонски и интернет приклучок.

3. Детални услови за проектирање и градење

За предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS(F)2C 3x1x150 mm2) за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФЕЦ Росоман С и ФЕЦ Росоман И&С, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман како показател користени се одредбите од Условите за планирање на просторот со бр. Y59623 од Декември 2023 год. од Агенцијата за планирање на просторот за кои е издадено решение за услови за планирање на просторот издадено од МЖСПП – Сектор за просторно планирање со бр. УП1-15 2705/2023 од 02.01.2024год.

Должината на кабелот изнесува до 216м'.

Согласно јачината на 10(20)Kv кабелски подземен вод, а согласно Законот за градење (Сл.весник на Р.Македонија бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр.244/19, 18/20 и 279/20) оваа инфраструктура претставува објект од втора категорија, за кои надлежна е Општина Росоман.

Општи услови за изградба

Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 32/20 и 111/23).

1. Понатамошна разработка на УП ќе биде со основни проекти.
2. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето дадени во условите за планирање на просторот, важат за целиот проектен опфат.
3. Изградбата на нови објекти, изградбата на супраструктурата и инфраструктурата како и вкупното просторно уредување на градежната парцела, треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на проектната документација.

4. Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба согласно Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

5. Основна класа на намена е Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија.

6. Услови за градење на објекти, содржат и посебни услови за изведба на сообрајќајна инфраструктура и посебни услови за изведба приклучоците или уредите за снабдување со вода, одводување на отпадни води, електро-комуникациска инфраструктура и др. При планирањето на комуналната инфратруктура, запазени се стандардите и нормативите, пропишани со Законот и подзаконските акти.

7. Инфраструктурните водови како и приклучоците со надворешната инфраструктура, ќе се дефинираат со основни проекти за секоја фаза соодветно со точни пресметки за потреби и количини.

8. Согласно допис прибавен на електронскиот систем е-урбанизам, во ПИМ постапка со бр. 55975 од 10.10.2023год., од Македонски Телеком, во границите на проектниот опфат нема постојни ТК инсталации;

Изработувачот на проектот да го усогласи начинот на Поставувањето на високо напонски енергетски кабли во близина на телекомуникациски водови за истото да биде изведено согласно одредбите дадени во ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГРАДБА НА ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА , СЛ. Весник бр. 106/2014, Член 21.

9. Сите параметри за уредување на просторот на проектниот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот во УП ќе бидат во согласност со Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

10. Согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 32/20 и 111/23), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита. Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатови со културно-историска вредност, потребно е да се постапи согласно Законот за заштита на културното наследство, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;

- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот

споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;

- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство;

11. Врз основа на Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16, 83/18 и 251/21) за Урбанистички проект, се предвидуваат мерки за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија. Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон. Урбанистичко-технички мерки се: засолнување, заштита и спасување од поплави, заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства, заштита и спасување од урнатини, заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и спасување од сообраќајни несреќи. Хуманитарни мерки се: евакуација, згрижување на загрозеното и настраданото население, радиолошка, хемиска и биолошка заштита, прва медицинска помош, заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло, заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и асанација на теренот.

Сите параметри за уредување на просторот на проектниот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот во УП ќе бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

<u>Нумерички показатели за проектниот опфат и објектите во проектниот опфат</u>

Површина за градење 1.1

Намена: Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија - подземен кабелски 10(20)kV вод

Површина на проектен опфат: 433м²

Површина за градење: 433м²

Процент на изграденост: /

Коефициент на искористеност: /

Должина на вод: 216м'

Паркирање: За ваков тип на објекти не се предвидува паркинг места.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ИНФРАСТРУКТУРАТА									
Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS(F)2C 3x1x150 mm2) за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФЕЦ Росоман С и ФЕЦ Росоман И&С, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман									
Површина на проектен опфат	број на површина за градба	комплементрани класи на намена	максимална висина на градба	катност	Површина на намена	површина за градба на инфраструктура	Должина на инфраструктура	процент на изграденост	коефициент на искористеност
433 m2	1.1	E1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија - подземен кабелски 10(20)kV вод	-	-	433 m2	433 m2	216 m'	-	-
Вкупно:					**433 m2**	**433 m2**	**216 m'**	**-**	**-**

4. Мерки за заштита

4.1 Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува планскиот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина (Сл. весник на Р.Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).
- Закон за заштита на природата (Сл. весник на Р.Македонија бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр.151/21).
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и Сл.Весник на Р.С.Македонија бр.151/21);
- Закон за водите (Сл. весник на Р.Македонија бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и Сл. весник на Р.С.Македонија бр.151/21).
- Уредба за класификација на водите (Сл.Весник на Р.Македонија бр.18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.Весник на Р.Македонија бр.18/99) и Исправка на уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.Весник на Р.Македонија бр.71/99);
- Закон за управување со отпадот (Сл. Весник на Р.М. бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 31/20, односно Сл.Весник на Р.С.Македонија бр. 216/21 од денот на започнување на неговата примена);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 79/07, 124/10, 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 151/21);
- Закон за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21).

- Закон за земјоделското земјиште (Сл.весник на Р.Македонија бр. 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр.161/91 и 178/21).
- Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија со бр.225/20, 219/21 и 104/22).
- Закон за градење (Службен весник на Р.Македонија бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 244/19, 18/20 и 279/20) и други законски и подзаконски акти.

Право и должност е на Република Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Закон за животната средина (Сл. весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатста и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

4.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21) и Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.Македонија бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 152/19), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21) и Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.Македонија бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 152/19), како и: Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (Сл.весник на Р.М. бр.98/05), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.весник на РМ бр.105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остварува преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат

и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на Р.М. бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21), а во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21) се предвидуваат:

Засолнување

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување, засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа, одржување и користење на

изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единицата на локалната самоуправа на Росоман за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата („Службен весник на Република Македонија" број 80/05).

Организација и спроведувањето на засолнувањето е определено со Уредбата за спроведување на засолнувањето („Службен весник на Република Македонија" број 93/05).

Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва.

На инвеститорите на објекти за кои во Законот со заштита и спасување е утврдена обврска за изградба на засолништа, надлежниот орган на општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, им го определува потребниот број на засолнишни места, што инвеститорот треба да ги изгради во објектот што го гради или надвор од него, според условите за градење, а врз основа на Мислењето од Дирекцијата за заштита и спасување кое е составен на проектната документација.

<u>Заштита и спасување од поплави</u>

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

<u>Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи</u>

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за

истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.Македонија бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 152/19) и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари (Сл.весник на Р.М. бр.98/05), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл.весник на Р.М. бр.94/09), и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од Росоман. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, во согланост со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

- Пешачките патеки во внатрешноста на опфатот се така концепирани и димензионирани да можат да обезбедат режимски сообраќај до предвидените и постојните градби во случај на пожар. Истите се димензионирани со доволна широчина на пристапот и соодветна конструкција, за да овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожар и спасување на луѓето.
- Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите.

За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Согласно член 76 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21), Јавнотопретпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во Росоман е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во планскиот опфат која е предмет на планската документација.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на планскиот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

[illegible] и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, [illegible] 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21).

[illegible] на Урбанистичкиот план да се почитуваат мерките од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, [illegible] 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21).

[illegible] природни непогоди

[illegible] територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени [illegible] е применување на принципите на асеизмичко градење на градбите.

[illegible] на градбите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичко [illegible] со помали висини градби и со поголеми попречни профили на [illegible], со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди [illegible].

[illegible] на Урбанистичкиот план, согласно членовите 13,14,34 и 35 мора да се [illegible] мерките од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. [illegible]6/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21) и Законот за пожарникарството (Сл. весник на Р.Македонија бр. [illegible]7/04, 8[illegible]/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 15[illegible]).

4.3 Ма[illegible]бедување на пристапност за лица со инвалидност

[illegible], мобилноста и пристапноста се основни предуслови за спроведу[illegible]те активности во секојдневното живеење на лицата со инвалидност и низ[illegible] во заедницата.

[illegible] подрачја се воочува потребата за развој на стандардите. Потребно е во [illegible] пристапноста да се градат собраќајници со спуштени рабници, раскр[illegible]ни семафорски уреди, со тактилни површини за слепите лица, како и звуч[illegible]јави во возилата на јавниот превоз, со можност слепото лице да користи [illegible] во сите средства на јавниот превоз и влез во сите градби за јавни намени.

Во [illegible]ниот и меѓуградскиот јавен сообраќај да се воведат адаптирани нископо[illegible]буси. Треба да се обрне посебно внимание за воведување на приспо[illegible]градски авотбуски линии. Неопходна е достапност на јавниот превоз [illegible] пристапност на возниот ред и на возилата и обезбедување на давање [illegible]стапни информации на терминалите и во возилата.

Во [illegible] на спроведување на Стратегијата, една од најважните задачи треба да биде [illegible]рањето на „Универзалниот дизајн". „Универзалниот дизајн" означува оформ[illegible] производите, опкружувањето, програмите и услугите, на начин да може [illegible]ристат сите луѓе во најголема можна мера, без потреба од приспо[illegible] на посебнооформување.

Посебни [illegible] „Обезбедување на пристапност и достапност во сите сегменти на живеење[illegible]

[illegible]

- [illegible] воспостави опкружување пристапно за лицата со инвалидност со [illegible] на начелата на универзалниот дизајн избегнувајќи на тој начин [illegible] на нови пречки ;
- [illegible] овозможи достапност на превозот за сите лица со инвалидност;
- [illegible] се развијат едукациски програми врзани со примената на [illegible] дизајн;
- [illegible] обезбеди пристап до информациите и комуникациите за сите лица со инвалидност;
- [illegible] обезбеди примена на современите технологии;
- [illegible] се воспостав и систем на помош при решавањето на станбеното [illegible] на лицата со инвалидност.

4.4 Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Закон за заштита на културното наследство (Сл.весник на Р.Македонија бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/14, 192/15, 39/16, и 11/18).

(1) Секој кој при изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошкото значење, изведувачот на работите е должен:

1. да го пријави откритието во мисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. да ги чува откриените предмети на местото и во состојбата во која се затекнале.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени без соодветна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. да ги пријави откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го извршува преку идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до пристигањето да преземеме мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
2. да ги пријави сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е извршено.

Составил:
Биљана Тасева диа

ПРОЕКТЕН ДЕЛ

ТЕХНИЧКИ ОПИС

ВОВЕД

Инвеститорот има одобрение за градење на една фотоволтна електро централа на локација во негова сопственост.

Локацијата е во Општина Росоман, делумно КО РОСОМАН, КП4050/7 со номинална снага од 385,7 MWp.

За градежната парцела е изработен основен проект, со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтни централи.

Во градежната парцела ГП 1.1, како технолошки дел од ФЕЦ, ќе се изгради трафостаница.

Вклучување на централата на дистрибутивната мрежа се планира во втора половина на 2023 година.

Планирано е произведената електрична енергија да се продава на слободниот пазар на електрична енергија.

Инвеститорот врз основа на негово барање има Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа.

Во овој Основен проект се дефинира приклучокот на централата на дистрибутивната електро енергетска мрежа.

МЕСТО И НАЧИН НА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА МРЕЖА

Пошироко подрачје околу фотоволтната централа и трафостаницата со кабел линијата:



Ситуација со локалната дисрибутивна мрежа:



УСЛОВИ ОД РЕШЕНИЕТО ЗА ЕЛЕКТРО ЕНЕРГЕТСКАТА СОГЛАСНОСТ

Инвеститорот има добиено електро енергетска согласност и решение за приклучување од мрежност оператор ЕВН Македонија.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје,
Друштво за дистрибуција на електрична енергија 13
Бр. УП1 10-376
30.05.2023 201 год.

EVN Group

Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг, врз основа на член 170, став 2 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.96/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), постапувајќи по Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Т&С СОЛАР КОНСАЛТИНГ ДОО СКОПЈЕ, ЕМБГ/ЕДБ 4057022562734 бр. УП1 10-376,, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа

На Т&С СОЛАР КОНСАЛТИНГ ДОО СКОПЈЕ, ЕМБГ/ЕДБ 4057022562734 (во понатамошниот текст: Барател на приклучок) му се издава согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје.

Начинот и условите за приклучување на објектот на Барателот на приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје се дадени во Прилог 1 кој што е составен дел од ова Решение.

Решението ќе престане да важи доколку изградбата на приклучокот не е започната во рокот определен во одобрението за градење на приклучокот.

О б р а з л о ж е н и е

Т&С СОЛАР КОНСАЛТИНГ ДОО СКОПЈЕ, ЕМБГ/ЕДБ 4057022562734 на 25.04.2023 година до Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје поднесе Барање за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа заведено под архивски број УП1 10-376.

По поднесувањето на Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа, Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје изврши увид во техничката документација на постоечката мрежа и проектната документација за напојување со електрична енергија на предметното конзумно подрачје, со анализа на показателите добиени од извршените мерења за електроенергетската состојба и проверка на лице место на подготвените можни решенија за напојување на предметниот објект, утврдено е следното: објектот може да се приклучи на дистрибутивната мрежа, под начин и услови дефинирани во Прилог 1.

Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа ги исполнува сите услови согласно Закон за енергетика и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, при што Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје одлучи како во диспозитивот на Решението.

Упатство за правно средство:
Незадоволната страна од ова Решение има право преку Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг, да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на доставување на Решението.

Раководител на Оддел
Оливер Мирчевски

Друштво за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ 13 Скопје

Прилог 1 на Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа број: УП1 10-376

Локација на објектот

Адреса: Населено место без адресен модул

Место и Општина: РОСОМАН , РОСОМАН

Катастарска парцела бр и КО: КП 4050/7 КО Росоман

Код на објект: 000000237495

Место на приклучување

☐ 0,4 kV (низок напон)

☐ 6 kV (среден напон)

☒ 10 kV (среден напон)

☐ 20 kV (среден напон)

☐ 35 kV (среден напон)

Согласност за приклучување поради

☐ Изградба на нов објект

☒ Поставување на генераторски единици од обновливи извори

☐ Зголемување на максимална едновремена моќност

☐ Промена или реконструкција на приклучок

☐ Одвојување на инсталации на приклучен објект

☐ Спојување на инсталации на приклучен објект

☐ Времен приклучок за:

Место на мерење

☐ Низок напон во МО/ ГМРТ

☐ Низок напон во ТС СН/НН

☒ Среден напон во ТС СН/НН

☐ Среден напон во ТС ВН/СН

Категорија на приклучок

☐ LV2

☐ LV1.2

☐ LV1.1

☒ MV2

☐ MV1

Важност на согласноста

☒ Неопределено

☐ Времен приклучок во времетраење од

Тип на приклучок

☐ Стандарден приклучок

☒ Нестандарден приклучок

☐ Изолиран корисник

Тип на мерење

☐ Директно мерење

☐ Полуиндиректно мерење

☒ Индиректно мерење

Број на фази

☒ Трифазен

☐ Еднофазен

Надоместок за приклучување*

Надоместок за изградба на приклучокот: 362.467,00 ден.

Надоместок за создавање на технички услови: 0,00 ден.

Вкупно: 362.467,00 ден.

Вкупно со ДДВ: 427.711 ден.

Одобрена врвна моќност

Pmax= kW (како потрошувач) и Cosφ=0,95

Pmax= 400 kW (како производител) и Cosφ=0,95

Напомени

Надоместокот за приклучување и деталната пресметка се со важност од 90 дена од денот на издавање на ова Решение. Решението ќе престане да важи доколку потрошувачот не склучи Договор за приклучок во рок од 1 година од денот на издавање.

Систем на заштититно заземјување на ОДС

☒ TT ☐ TN-C ☐ TN-S ☐ TN-CS

Обврски на барателот на приклучок

- Одговорен е за безбедноста на електроенергетските објекти, техничката опрема и инсталации кои се во негова сопственост во согласност со закон и друг пропис
- Заштитното заземјување да го прилагоди на системот за заштитно заземјување на операторот на дистрибутивниот систем
- Должен е да склучи Договор за приклучок со Електродистрибуција
- Во случај на приклучок од мрежа која не е сопственост на Електродистрибуција должен е да обезбеди писмена согласност заверена на нотар од сопственикот на таа мрежа.
- Должен е да поднесе барање за приклучување на електродистрибутивната мрежа во случај на негово исклучување од страна на трето лице - сопственик на електроенергетскиот објект.
- Корисникот има обврска да го изгради внатрешен дел од приклучокот после Мерното место;
- Корисникот има обврска да достави потврда за исправност на електричната инсталација од изведувачот на електричната инсталација на објектот/те;

Обврски на Електродистрибуција

- Да го приклучи објектот на барателот на дистрибутивната мрежа по добивање на одобрение за употреба на приклучокот согласно закон во рок утврден во договорот за приклучување на дистрибутивната мрежа
- Гарантира за квалитет на испорака на електрична енергија до точката на разграничување помеѓу дистрибутивната мрежа и објектите на барателот на приклучок, односно објектите на трети лица на кои ќе се приклучи објектот на корисникот.
- Не гарантира за евентуална штета која би настанала доколку на барателот на приклучок му биде прекината испораката на електрична енергија од страна на трето лице - сопственик на електроенергетскиот објект

ЕЕ P2 - P1, каде P1 и P2 се ознаките на примарните врски на СМТР.

- Основите за осигурувачи и осигурувачите за заштита на мерните напонски ТР ги обезбедува потрошувачот и истите треба да се во склад со техничката спецификација на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за ваков вид на осигурачи.
- Барателот да достави основен проект електрика заверен од овластен проектант и ревидиран во кој ќе бидат опфатени сите фази електрика. При изработка на проектната документација препорачлива е консултација со оделот Стандардизација – Мрежен Инженеринг
- Комплетната вградена опрема да биде за 20 kV и согласно ЕВН стандардите и важечките стандарди и прописи за ваков тип на електро-енергетски објекти;
- Целокупната електро-енергетска опрема да се изведе согласно важечките прописи и препораки;

НЕ Е ДОЗВОЛЕНО ОСТРОВСКО НАПОЈУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА ОД ЦЕНТРАЛАТА (освен за НАПОЈУВАЊЕ НА СОПСТВЕНАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЦЕНТРАЛАТА).

РЕЛЕЈНА ЗАШТИТА:

- Во инверторскиот систем и електричната инсталација на кој се приклучува потребно е да се инкорпорирани следниве заштити:
- наднапонска заштита;
- поднапонска заштита;
- надфреквентна заштита;
- подфреквентна заштита;
- надструјна заштита;
- краткоспојна заштита;
- земјоспојна заштита и заштита од напон на допир во случај на доземен спој;

УСЛОВИ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ:

- Вклучувањето на централата на дистрибутивна мрежа е дозволено кога се исполнети следниве услови за синхронизација:
- 1. разликата на напонот ΔU, порастот на напонот, да не биде поголем од + 5% од Un, и падот на напон, да не биде поголем од -10% од Un;
- 2. разликата на фреквенцијата $\Delta f < \pm 0.1$ Hz;
- 3. разликата на фазниот агол $\Delta\phi < \pm 10$ степени;
- Пред приклучување на централата на дистрибутивна мрежа да се обезбеди АТЕСТ од произведувачот за коефициент на фликери Cf1 (поединечно за секој генератор) и Cfsce (за целата централа).
- По приклучување на централата на дистрибутивна мрежа по пат на мерење во реални погонски услови да се потврди:
- Коефициент на фликери Cf1 (поединечно за секој генератор и Cfsce (за целата централа) како АТЕСТ дека централата го задоволува критериумот на долготрајните фликери $Af\ s \leq 0,1$;
- Со вградување на филтри за соодветниот ред на вишите хармоници да се обезбеди условот за вредностите на струите на вишите хармоници да не ги надминат максималните дозволени вредности одредени со Техничките прописи и препораки;

УСЛОВИ ЗА ПАРАЛЕЛНА РАБОТА:

- Услови за паралелна работа на централата во приклучната точка во електродистрибутивната мрежа се:
- Факторот THD (Тотална хармонична дисторзија на напон), да биде помал или еднаков на 3%, за секој хармоник;
- Факторот за небалансираност на напонот, да биде помеѓу 0 и 2%;
- Напоните во сите јазли на разгледуваната дистрибитивна мрежа, треба да бидат во границите:
- 1. на нисконапонските собирници во трансформаторските станици среден/низок напон, помеѓу 0,4 и 0,44 kV;

ДЕФИНИРАЊЕ НА НАПОНИТЕ НА ВИСОКАТА И НА НИСКАТА СТРАНА

Согласно Решението трафостаницата за фотоволтната централа ќе се приклучи на постоечкиот далновод 10 kV кој поминува во близина на локацијата за централата.

Според основниот проект за фотоволтната централа инверторите имат AC излез на напон 0,4 kV.

Трансформаторот Треба да биде за пренос 10(20)/0,4kV, 400 kVA.

Трафостаницата на високата страна треба да биде изведена за напонско ниво од 20 kV.

Распоредот на среднонапонскиот блок 20kV наменет за приклучување на централата треба да го има следниот распоред; една изводнаќелија + една изводна ќелија + една спојна ќелија + една мерна ќелија + една трансформаторска ќелија. Спојната ќелија треба да биде опремена со раставувач на снага опремен со систем за далечински пристап и исклучување.

Кабелот за приклучување на трафостаницата треба да биде од типот 3x[NA2XS(F) 1x150mm2], 20 kV.

АНАЛИЗА НА КУСИТЕ ВРСКИ

За избор на опремата и проверка на функцијата на опремата ќе ги пресметаме кусите врски на 20 kV напонско ниво.

Влезни податоци:

Трансформатор 20/0.4kV

При u_k>5%, R~0

u_k=6%

U_1=20kV, U_2=0.4 kV

S_t=1.25 MVA

Трансформатор 110/35/10 kV

При u_k>5%, R~0

u_k=12%

U_1=110kV, U_2=10 kV

S_t=40 MVA

Кабел 20kV, NA2XS 1x150 mm2

r_o=0.202 Ω/km

x_o=0.200 Ω/km

Далековод 20kV

r_o=0.3058 Ω/km

x_o=0.35 Ω/km

Пресметка на импедансите

За трансформаторот 10/0,4kV:

Z_{t1}~X=$u_k U^2$/{100*S) = 7*10^2/(100*0,4) = 17.5 Ω

За трансформаторот 110/35/10 kV:

Z_{t2}~X=$u_k U^2$/{100*S) = 12*10^2/(100*40) = 0,3 Ω

Импедансата е сведена на напонско ниво 10 kV

За кабел 20 kV:

Z_k=L $(r_o^2 + x_o^2)^{0.5}$ = 0.216*0.284 = 0.061 Ω

За далековод 10 kV:

Z_d=L $(r_o^2 + x_o^2)^{0.5}$ = 0,5*0.4648 = 0,2324 Ω

Пресметка на куса врска

Во точка А:

Еквивалентна импеданса Z_e=Z_{t2}+Z_d+Z_k = 0,3+0,2324+0.061 = 0.593 Ω

Триполна куса врска I_{k3}'' = 1.1*U/(1.73*Z_e) = 10.71 kA

Двополна куса врска I_{k2}'' = 1.1*U/(2*Z_e) = 9.268 kA

Во точка Б:

Еквивалентна импеданса Z_e=Z_{t2}+Z_d+Z_k+Z_{t2} = 0,593+17.5 = 18.093 Ω

Триполна куса врска I_{k3}'' = 1.1*U/(1.73*Z_e) = 0.351 kA

Двополна куса врска I_{k2}'' = 1.1*U/(2*Z_e) = 0.304 kA

Сведено на напон 0,4 kV

Триполна куса врска I_{k3}'' = 0.351*10/0.4 = 8.8 kA

Ударна струја на к.в. I_{uk3}=1.8*1.42*I_{k3} = 22.43 kA

Двополна куса врска I_{k2}'' = 7.6 kA

Ударна струја на к.в. I_{uk2}=1.8*1.42*I_{k2} = 19.43 kA

Се претпоставува дека се прекидната струја и трајната струја еднакви со пресметаните струи на куса врска.

Фотоволтната централа неможе да ја напојува кусата врска т.е. од страна на централата компонентата на кусата врска изнесува нула.

ИЗБОР НА КАБЕЛОТ

Типот и пресекот на кабелот е дефиниран во Решението засогласност за приклучување.

Тип на кабелот е NA2XS(F) 3x[1x150 mm^2]

МЕРЕЊЕ НА ЕНЕРГИЈАТА

Мерењето на енергијата ќе се регистрира во двете насоки.

Мерењето ќе биде индиректно на 10(20) kV страна.

Мерните напонски трансформатори со осигурачите и струјните трансформатори се инсталират во посебна мерка ќелија 10(20) kV.

УСЛОВИ ЗА ПАРАЛЕЛНА РАБОТА

Во местото на приклучување факторот THD да биде помал или еднаков на 3%.

Факторот на небалансираност на напонот да биде помеѓу 0% и 2%.

АБЕЛСКА ВРСКА

Трафостаницата на дистрибутивната мрежа се приклучува со еден кабелски извод 20 kV.

Кабелот е дефиниран во Решението за согласност за приклучување. Предвидена е врска со кабел тип NA2XS(F) 3x[1x150 mm2].

Кабелот се полага во земја на длабочина од 1,1m во слој од песок од 10 cm над и под кабелот. На 30 cm над кабелот ќе се положи соодветна механичка заштита од ГАЛ штитници. На длабочина од околу 30 cm ќе се положи предупредителна PVC лента со натпис „кабел висок напон“. Долж трасата на секое прекршување на трасата ќе се положи резонантен локатор.

Трасата на кабелот е долж полскиот пат. Земјата е од II и IV категорија.



НАПОМЕНА
НА КАРАКТЕРИСТИЧНИТЕ ТОЧКИ ДОЛЖ ТРАСАТА СЕ ПОСТАВАТ ЛОКАТОРИ

ПОЛАГАЊЕ НА 35kV КАБЕЛ ВО ЗЕМЈА

ОПШТИ ТЕХНИЧКИ БАРАЊА

При изведбата на кабелскиот приклучен вод изведувачот на работите е должен да се придружи на барањата дадени во:

- градежната дозвола
- електроенергетската согласност
- потврди и согласности за трасата на комуналните организации.

При трасирање, положување и експлотација на каблите треба да се земат предвид различни фактори кои влијаат на нивните карактеристики:

- работната средина,
  - влијание на други кабли или кабелски системи поставени паралелно со кабелот,
  - влијание од надворешни извори на топлина врз кабелот;
  - температурата на околината при полагање не сме да биде помала од -5оС за кабел со PVC плашт;
  - температурата на околината при полагање не сме да биде помала од -20оС за кабел со PE плашт;

  - движење, поместување на почвата и вибрации на конструкции на кои се полага кабелот;
  - хемиски дејства од околината;
  - заштита на плаштот на кабелот;

Кабалите во земја се положуваат во кабелски ров, чија димензија зависи од назначениот напон на кабелот, видот на земјата како и бројот на каблите кои се положуват во истиот ров.

Нормална длабочина на ров во кој се положува кабелот изнесува :

- 1,1m за кабли 35kV;
- 0,7m до 0,8m за кабли 1kV, 10kV и 20kV.

Отстапувања се дозволени на помали должини при вкрстување со други кабли и инсталации како и во случаи на неповолни услови за положување (каменито тло).

Во принцип може да се менува дадената ширина на ровот (минимална ширина е 0,4m). Ако заради наведени причини и пречки на трасата кабелот се положува на помала длабочина тогаш тој се заштитува механички со заштитни цевки, кабловници и сл.

Кабелот се положува така да биде во средината на слојот на постелицата со дебелина од 0,2m, која се става на дното од кабелскиот ров. За постелица се користи мешаавина на песок кој има добри карактеристики на одведување на топлината. Во случај во кабелскиот ров да има камчиња или слични отпадоци кои можат да го оштетат, тогаш се зголемува дебелината на постелицата од песок врз кој се става кебелот и врз него се става нов слој од песок со дебелина од 0,35m. Енергетскиот кабел се полага рачно или со употреба на механизација.

Влечењето на каблите, при положување не треба да предизвика линеарно издолжување на проводниците поголемо од дозволеното од 0,2%. Радиусите на свиткување при положување на енергетските кабли не смеат да бидат помали од 15D, каде што D е надворешен дијаметар на кабелот (mm).

По положувањето на кабелот пред потполно затрупувањена кабелот, потребно е да се изврши напонско испитување на кабелот и да се сними вистинската траса на кабелскиот вод.

Меѓусебното растојание на енергетските кабли (повеќежилни односно кабалски сноп со три едножилни кабли) во ист ров, се одредува врз основа на струјното оптоварување но не смее да биде помало од 0,07m при паралелно водење или 0,2m при вкрстување **(види слика бр.2, црт.бр.1).**

Краевите на кабелот се обележуват со плочки на кои се испишани основните податоци за кабелот и изводот. Не смее плочки да се поставуваат на жилите од кабелот туку исклучиво на кабелот. Кабелот во каналот се поставува змијолико, при што неговата должина е најмногу 2% поголема од должината на трасата. Ова особено е важно кога кабелот се положува во мостови (дилатациони места каде што е потребна резерва од кабел од 2%).

При секое полагање на кабел (за среден или низок напон) по целата должина на ископот под предупредителната лента се полага поцинкувана трака (40x4mm).

Положувањето на едножилните 20kV кабли ќе се изведува во триаголен сноп како на **слика бр.1, црт.бр.1.** Формираниот сноп на секои 2 метра се омотува со обојмици-трака. На исти растојанија се стават и кабел-маркерите.

ПРИБЛИЖУВАЊЕ И ВКРСТУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЛИ

А) Со телекомуникационен кабел

Дозволено е паралелно водење на енергетски и телекомуникационен кабел на меѓусебно растојание од најмалку:

- 0,5m за кабли од 1kV, 10kV и 20kV;
- 1m за кабли од 35kV;

Додека вкрстувањето со телекомуникационен кабел се врши на растојание од најмалку 0,5m. Енергетскиот кабел по правило се поставува по телекумуникациониот кабел.

Б) Со водоводни цевки

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над водоводни и канализациони цевки.

При паралелно водење хоризонталното растојание помеѓу нив треба да изнесува 0,5m за кабли 35kV или 0,4m за другите кабли, додека при вкрстување енергетскиот кабел може да се положи под или над водоводна или канализациона цевка на растојание од најмалку 0,4m за 35kV-тни кабли или 0,3m за сите други кабли и е потребно да се постави во пластична цевка. слика бр.3,4 и 5, црт.бр.2 и 3.

В) Со пат надвор од населено место

Вкрстување на кабелски вод со пад надвор од населено место се врши така што кабелот се положува во пластична цевка вовлечена во хоризонтален избушен отвор така што да е можна замена на кабелот без да се раскопа патот.

Вертикалното растојание помеѓу површината на патот и горниот раб на кабелската канализација треба да изнесува најмалку 0,8m.

Растојанието на кабелскиот вод од пад, надвор од населено место при паралелно водење односно приближување изнесува:

- за автопат и пат од 1-ред, најмалку 5m за паралелно водење и најмалку 3m за приближување;
- за патишта над 1-ред, најмалку 3m за паралелно водење и најмалку 1m за приближување;

Г) Со водотек

Вкрстувањето на енергетскиот кабел со водотек (река, канал итн.) се изведува со положување преку мостови. Исклучително вкрстување со водотек може да се изведе со положување на кабелот на дното или под дното на водотекот.

Полагање на енергетскиот кабел на дното на водотекот се изведува на места каде што брзината на водата е најмала и каде што не постои можност од поголеми одрони на земја или насипување на нанос.

Положувањето на енергетските кабли под дното на водотекот се изведува со провлекување низ цевка на длабочина од најмалку 1,5m под дното на водотекот.

КАБЕЛ МАРКЕРИ

1)Маркер-бетонско столбче

Кабелските маркери за обележување на трасата се изработени од бетон, со должина од 400mm, каде во потесната основа на столпчето има избетонирано плочка изработена од алуминиумски лим со натпис. Овие маркери се псотавуваат по должина на трасата на

кабелот и на секое скршнување(кривина). Изгледот на бетонското столпче и натписот може да се видат на слика бр.6, црт.бр.4.

2)Маркер-кабелски ознаки

Кабел Маркерите за обележување за нисконапонските кабли (бела боја) и среднонапонските кабли (црвена боја) се изработени од PVC материјалпогоден за натпис. На маркерите со водоотпорен фломастер се внесуваат сите потребни податоци за водот. Се поставуваат на растојание од 2 метри.

Кабелска ознака 400x20x1.5mm за обележување на СН-кабли (1 или 3 жилни) со дијаметар околу 110 mm.

СН – кабли се означуваат според стандардот VDE 0276-620, како што е илустрирано во следната табела:

Стандард	Краток опис	Пример
VDE 0276-620	NA2XS(F)2Y 1… RM/.. 12/20kV	NA2XS(F)2Y 1x150 RM/25 12/20kV

Каде што:

DIN VDE	Значење
N	Кабелот е во согласност со стандардите – DIN VDE
A	Проводниците се од алуминиум
2X	Умрежен полиетилен (XLPE)
S	Бакарен екран
(F)	Лонгитудинална (подолжна) водоотпорна бариера
2Y	PE-полиетилен (надворешна обвивка) (HDPE)
1	Едножилен кабел
RM	Округол повеќежичен проводник
/..	Пресек на екранот од бакарни жици (на пример 25mm^2 Cu)

3.2.3 Маркер-предупредувачка трака

Предупредувачката трака за кабел, која е со димензии 100x0,25x250m се поставува по целата должина на ровот и служи за предупредување за постоење на кабел од низок или среден напон. Таа е изработена од полиетилен и е со црвена боја, со натпис преку целата должина: “Внимание Енергетски Кабел” со црна боја.

СРЕДНОНАПОНСКИ КАБЕЛ

Среднонапонските едножилни кабли со изолација од умрежен полиетилен (XLPE) заштитени од надворешни влијанија, се наменети за пренесување и дистрибуција на електричната енергија со номинален напон 10, 20 и 35kV и фрекфенција 50Hz. Овие кабли се полагат во затворено, во кабелски канали, во вода, кабелски тунели и дирекно во земја-кабелски ров. Од едножилните кабли се користат исклучиво со екран во подолжно водозаптивачка изведба.

Каблите со изолација од умрежен полиетилен (XLPE) се високо квалитетни сигурни и безопасни за време на експлотација бидејќи XLPE-изолацијата има добри термички карактеристики и издржува механички напрегања при полагањето и покасно при експлотацијата. XLPE-изолацијата исто така има мали диелектрични загуби и издржува големи електрични напрегања. Кабелот кој ке биде вграден треба де е по стандард на ЕВН Македонија NA2XS(F)2Y RM.

1. Проводник, компактиран (многужичен-уплетен) алуминиум,
2. Внатрешен полупроводен слој,
3. Изолација, умрежен полиетилен-XLPE согласно со VDE 0276620,
4. Надворешен, полупроводен слој,
5. Полупроводливи набабрувачки ленти,
6. Бакарен екран,
7. Раздвојувачка водонепропостливаа трака,
8. Надворешен плашт –црн.

сл.1: Конструкција на СН кабел

Вредности на конструктивни параметри за 20kV кабел тип : NA2XS(F)2YRM

Пресек	Дебелина на изолацијата	Дебелина на обвивката	Пресек на екранот	Приближен дијаметар	Маса на Al приб.	Маса на Cu приб.	Маса на кабелот прибл.
mm^2	mm	mm	mm^2	mm	kg/km	kg/km	kg/km
1x150	5.5	2.5	25	34-39	394	179	1194
1x240	5.5	2.5	25	39-44	649	265	1876
1x400	5.5	2.5	25	44-49	1043	363	2537

Електрични карактеристики за 20kV кабел тип: NA2XS(F)2Y…1x… RM/

Пресек	R 20°C	XL	C	$I_{доз}$ за воздух (30°C)	$I_{доз}$ за земја (20°C)	Струја на куса врска I_{kv}-1_s
mm^2	(Ω/km)	(Ω/km)	(nF/km)	(A)	(A)	(kA)
1x150	0,206	0,131	0,174	366	319	14,1
1x240	0,125	0,122	0,206	496	417	22,6
1x400	0,0778	0,112	0,251	660	535	37,6

Пресметката за струјното оптоварување (во табелите) е направено во согласност со VDE 0276-620 за променливо оптоварување на каблите и врз основа на следните податоци:

- Длабочина на положување во земја : 70cm
- Специфичен топлински отпор на земјата: 1°K*m/W
- Температура на земјата: 20°C
- Температура при полагање на кабел во воздух: 30°C

КАБЕЛ ЗАВРШНИЦИ

Постојат два типа кабелски завршници кои се применуваат во ЕВН Македонија и тоа:

- во топлособирачка техника и
- во ладнособирачка техника;

Кабелските завршници се конструирани за монтажа внатре и надвор за едножилни екранизирани кабли со вештачки материјал. Од што се направени и зошто се применуваат?



1. Облога, цевка за контрола на електричното поле;
2. Водонепропусливо заптивање и (изолација од влага);
3. Изолирачка цевка отпорна на струи на пропуштање;
4. Полупроводна трака за пополнување
5. Заземјување;

За приклучок на кабел од било кое напонско ниво потребно е да се заштити неговиот крај од навлегување на влага, разни нечистотии и од распоредот на електричното поле поврзано со парцијалните празнења. Затоа се изведува кабелска завршница. При изведување на кабелска завршница се обработуваат краевите на кабелот (се вади плаштот, бакарниот екран, набубрувачките траки, екранот на изолацијата, изолацијата, екранот на проводникот и дел од изолацијата). Оваа обработка зависи од тоа дали завршницата ке се монтира надвор или внатре.

КАБЕЛСКИ СПОЈНИЦИ

Кабелските спојници служат за спојување и наставување на кабли. Кабелските спојници кои се употребуваат во ЕВН Македонија се конструирани за едножилни екранизирани кабли од вештачки материјал. Во принцип тие се состојат од:

Во ЕВН Македонија се употребуваат кабелски спојници кои се изработуваат во топлособирачка и ладнособирачка техника. Спојката е конструирана за едно жилни кабли со пластична изолација за напон 10, 20 и 35kV со екран од жица, ленти или алуминиумски ламинат. Проводниците меѓусебно се поврзуваат со соединителна чаура, чаурата е содветна и за алуминиумски и за бакарни кабли могу жилни и едно жилни.

ЗАШТИТА ЗА ВРЕМЕ НА РАБОТА

За заштита на луѓето за време на изведување на работите дефенирани се правата и обврските на вработените и претпријатијата како и дејности што се превземаат во врска со таа заштита.

Мерките се дефенирани со “Закон за безбедност и здравје при работа“ (Службен весник на РМ, бр.92 од 24.07.2007год.)

Основните мерки и нормативи за заштита на работа се опфатени во општи и посебни заштитни мерки и нормативи. За време на изведување на работите задолжително е да се врши придржување според правилникот за средства за лична заштита на работа и лична заштитна опрема.

НАДЗОР ЗА ВРЕМЕ НА ИЗГРАДБА НА ВОДОТ

За време на изградба на водот задолжително е да се обезбеди Инвеститорски надзор. Со Инвеститорскиот надзор, Инвеститорот да обезбеди и повремен проектански надзор, што ќе овозможи во целина брзо согледување на евентуалните пропусти и нестручно изведени работи од страна на изведувачот на работите, кои можат да ја намалат сигурноста на водот во експлотација. Секој проектански увид на работите мора да биде евидентиран во градежниот дневник.

По завршувањето на градежните и електро монтажните работи потребно е да се изврши интерен преглед на завршените работи, а после тоа да се организира технички преглед за добивање дозвола за пуштање под напон и употреба на објектот.

СООБРАЌАЈ: Пристап до проектниот опфат е некатегоризиран пат во чии профил се води 20 kV кабел

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА: Согласно намената на просторот – Е1.8 - 20 кВ кабел да се предвидат мерки за заштита на столбот и водот.

НАПОМЕНА: Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Сите параметри за уредување на просторот на проектниот опфат кои не се опфатени во приложените детални услови за проектирање и градење ќе бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на СРМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

НОВО СТОЛБНО МЕСТО

Почетната точка на кабелската врска се клемите од раставувачот во одводната ќелија 20 kV во дистрибутивната трафостаница во ФЕЦ РОСОМАН С

Крајната точка на кабелскатаврска се клемите на новоизградениот А3 столб од постоечкиот 10 kV далновод.

Вкупната должина на оваа кабелска врска, сметано од клема до клема изнесува околу 232 метри.

Трасата на кабелот се движи долж полскиот пат.

Кабелот се положува до висина од 3 метри сите три во една челична цевка D150 mm. Со соодветни кабелски завршници проводниците се фиксират на одводниците на пренапон после кои е инсталиран раставувачот. Раставувачот се поврзува со далноводните јажиња.

Техничкото решение треба да биде изработено од страна на фирма кој поседува лиценца Б за изработка на проекти за градби од втора категорија во согласност со законот за градење и правилникот за содржина на проектите, означување на проектот начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи.

При изработката на техничкото решение потребно е да се направи снимање на постоечката состојба на потегот од А3 столб на предметниот далекувод.

Техничкото решение треба да опфати избор на бетонски столб со предлог фундамент за истиот како и детално решение за монтажа на: еден систем кабли, три-полен разделувач со ножеви за заземјување за 20kV напонско ниво за вертикална монтажа на бетонски столб, распоред на одводници за пренапон, по потреба и конзоли за дополнителни потпорни изолатори и сл.

Нарачателот (ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА) има право да направи измени во проектната програма пред да го извести изработувачот за отпочнување со изработка на техничкото решение.

Изработеното техничко решение во целост потребно е да се достават во архивата на нарачателот во тврда копија во 3 примероци и две копие во електронсака форма на CD во битмапен формат (сите графички прилози, вклучувајќи ги ситуациите на трасите и другите детали да бидат доставени во .dwg формат) најдоцна 30 дена од денот на давање писмен налог за изработување на истиот од страна на нарачателот.

Ревизијата треба да биде изработена согласно правилникот за вршење ревизија на ваков тип на техничка документација и законот за градење. Завршниот извештај од ревизијата на техничкото решение потребно е да биде доставен во архивата на нарачателот, заедно со техничкото решение по ревизија, во тврда копија во 3 примероци и во електронсака форма на CD.



КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ

ОПИС	МЕРА	КОЛИЧИНА	ЕД.ЦЕНА (EUR)	ВКУПНО (EUR)
КАБЕЛ И СТОЛБ 10(20)kV				
Земјани работи				
Ископ на ров со созатрупување со димензии 0,4x1,1m во земја од III, IV категорија за положување на енергетски кабел	m	220	5	1,100
Испорака и посипување песок во ров во слоеви од 2x10 cm	m3	17.2	80	1,376
Ископ на земја за изработка на темел за поставување на бетонски столб	m3	1,5	10	150
Набавка, транспорт и вградување на бетон МБ20, за изработка на блок темел за бетонски столб	m3	2	120	240
Набавка, транспорт и подигнување на армирано бетонски центрифугиран столб за номинален напон до 35kV тип А340	пар	1	2000	2000
Изработка на заземјување со поставување на основен заземјувач со еден прстен од челична поцинкувана лента 40x4mm, комплет со земјени работи и прибор за поврзување според детал	пар	1	500	500
Обележување и исколчување на трасата за поставување на кабелот	m	240	5	1,200
Електромонтажни работи				
Кабел канал за на столбот до висина од 2,5 m	m	3	11	33
Одводници на пренапон 10kA, 28kV	пар	3	900	2,700

Трифазен раставувач на 200A, 20kV	пар	1	3,000	3,000
Потпорни изолатори 20 kV	пар	3	15	45
Испорака и полагање на енергетски кабел NA2XS(F) 3x(1x150мм2), 20/24kV	m	232	45	10,440
Изработка на кабелска завршница за кабел NA2XS(F) 1x150мм2 RM/25 12/20kV за надворешна монтажа	пар	6	200	600
Набавка, транспорт и поставување на лента за предупредување	m	240	1	240
Набавка,транспорт и поставување на гал штитник за заштита на кабелот	m	240	5	1,200
поцинкувана лента Fe-Zn 40x4 mm, во претходно ископан ров	kg	10	4	40
Набавка транспорт и поставување на вкрсно парче 90x90 JUS NB4.936/III залиено со олово во метална кутија	пар	12	2	24
Обележување на трасата со кабелски маркери изработени од бетон со должина од 400mm	пар	4	100	400
Проект на изведена состојба	пар	1	200	200
НЕПРЕДВИДЕНИ РАБОТИ	%	5	27112	1,450
ВКУПНО:				**28,562**

НАПОМЕНА: Целокупната електро монтажна опрема која ке биде користена за изведба на 10kV кабелски вод во целост да одговара на спецификациите и барањата од правилникот за изградба на кабелски електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV, како и во препораките дадени од страна на ЕВН Македонија.

ДЕТАЛИ



1 - Столб со линиски распоред

2 - Потпорен изолатор

3 - Раставувач за вертикална монтажа

4 - Конзола за одводници на пренапон

5 - Одводници за пренапон

6 - Завршници за надворешна монтажа на едножилен кабел

Монтажа на вертикален разделувач

фабрика
карпош
СКОПЈЕ

ТЕМЕЛИ ЗА ДАЛНОВОДНИ СТОЛБОВИ



носивост	σ=1.0 daN/cm2			σ=2.0 daN/cm2			σ=3.0 daN/cm2		
столб	H/315	α=40°	α=60°	H/315	α=40°	α=60°	H/315	α=40°	α=60°
A	120	170	190	110	120	160	100	120	120
a	*	120	120			120			
t1	*	160	160			150			
t2	*	60	80			80			
t	220	220	240	220	220	230	210	210	220
b	200	200	200	200	200	200	200	200	200
ископ (м3)	3,2	6,4	8,7	2,7	3,2	5,9	2,1	3	3,2
бетон (м3)	2,95	3,8	4,95	2,45	2,95	3,95	1,85	2,75	2,95





Р. бр.	Ознака	
1	Изолиран флексибилен проводник H07VR-1x50,0 mm² - жолто-зелена боја	
2	Бакарна папуча за пресување Cu 50x12	
3	Завртка M12x30 со еластична подлошка	

Скица за врската на конзолите и столбот со заземјувачот кај бетонски столб

ЗАЗЕМЈУВАЧ ТИП "Б"

ЗА БЕТОНСКИ СТОЛБ





фабрика
карпош
СКОПЈЕ

СТОЛБ ЗА ВИСОКОНАПОНСКИ ВОДОВИ
ВН 1050 - А340



ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ	
ПРОВОДНИЦИ (Al/Fe)	70/12 mm2
СРЕДЕН РАСПОН (asr)	140 m
ГРАВИТ. РАСПОН (agr)	(200/100)m*
НАПРЕГАЊЕ	9,5
СИЛА НА ВРВ (Fv)	1050 daN
ПРИТИСОК НА ВЕТЕР (Pv)	60 daN/m2
ДОДАТЕН ТОВАР	1.0x0.18 √d daN/m
АГОЛ НА СВРТУВАЊЕ	40°
ИЗОЛАЦИЈА	потпорни капасти изолатори
НОСАЧИ	прави носачи

ТАБЕЛА НА СИЛИ						
ОПТОВАРУВАЊЕ		Vx	Vy	Vz	Sx	Sy
ЧЛЕН 68 т.1	а	*	772,0	195,0	*	*
	б	98,0	514,0	85,0	0.7x60	*
	в	*	539,0	85,0	*	0.7x60
ЧЛЕН 68 т.2		*	514,0	85,0	*	*

Големините на Vx, Vy и Vz се изразени во daN, а за S во daN/m2

фабрика
карпош
СКОПЈЕ

ДИМЕНЗИИ НА СТОЛБОВИТЕ СО КОНЗОЛИ ЗА ТРИАГОЛЕН РАСПОРЕД НА ПРОВОДНИЦИТЕ						
	НОСИВИ СТОЛБОВИ			АГОЛНИ СТОЛБОВИ		
ДИМЕНЗИЈА	12 м	13 м	14 м	12 м	13 м	14 м
L (m)	12	13	14	12	13	14
H (m)	8.6	9.6	10.6	8.6	9.6	10.6
t (m)	2	2	2	2	2	2
d (m)	0.1	0.16	0.15	0.25	0.25	0.25
D (m)	0.3	0.29	0.29	0.43	0.44	0.46
G (kg)	850	1000	1200	2050	2200	2800

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS (F) 2C 3x1x150 mm2) за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФЕЦ Росоман С и ФЕЦ Росоман И&С, КО Росоман и КО Сирково, Општина Росоман



"Г Е О В И З И Ј А" ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ "К А В А Д А Р Ц И"			
ОПШТИНА:	Росоман	К.О.Росоман	
ПЛАН :	Ажурирана геодетска подлога		
ПЛАНСКИ ОПФАТ:	за проектна документација за ифраструктурен линиски објект	Мерило: 1:1000	дел.бр. 0805-92/2
РАБОТЕН ТИМ:	ГЕОВИЗИЈА ДООЕЛ Кавадарци М.П. Овластен геодет: Богевски Ванчо геод.инж.	Кавадарци 07.07.2023год.	Прилог 1/1

ИНВЕСТИТОР: **СИНИША БОШЕВСКИ**	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ВЕЛЕС **УРБАН ПРОЕКТИНГ** УЛИЦА "НИКОЛА ОРОВЧАНЕЦ" БРОЈ 1 - ВЕЛЕС	(М.П.)
ЛОКАЛИТЕТ: **КО РОСОМАН И КО СИРКОВО ОПШТИНА РОСОМАН**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0054	
ВИД НА ПЛАН: **ИДЕЕН ПРОЕКТ**	РАБОТЕН ТИМ: ДИПЛ. ИНЖ. АРХ. БИЉАНА ТАСЕВА, ОВЛАСТУВАЊЕ БРОЈ 0367 ДИПЛ.ЕЛ. ИНЖ. САШО ГЕНЧЕВ, ОВЛАСТУВАЊЕ БРОЈ 4.0017	ПОТПИС:
ТЕХНИЧКИ БРОЈ: **28/23-1**		
ЈУНИ 2024 година — РАЗМЕР: **1/1000**		
ЦРТЕЖ/ПРИЛОГ: **ТРАСА НА КАБЕЛ И ОПФАТ**	УПРАВИТЕЛ: дипл.инж.арх. БИЉАНА ТАСЕВА	БРОЈ НА ЛИСТ: 01



ЕДНОПОЛНА ШЕМА ЗА ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА



ПРИКЛУЧОК НА КАБЕЛ

цртеж бр.:
03



НАПОМЕНА
НА КАРАКТЕРИСТИЧНИТЕ ТОЧКИ ДОЛЖ
ТРАСАТА СЕ ПОСТАВАТ ЛОКАТОРИ

ПОЛАГАЊЕ НА 35kV КАБЕЛ ВО ЗЕМЈА

ОСНОВЕН ПРОЕКТ
ДЕТАЛ

цртеж бр.:
4



ОГРАДА

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

ДЕТАЛ

цртеж бр.:
05